ТЕХНОКОМЕРЦ
АД Скопје
www.tehnokomerc.com.mk

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ ЗА ОСТВАРЕНИТЕ РЕЗУЛТАТИ НА ТЕХНОКОМЕРЦ АД
За периодот Јануари – Јуни 2022 година

Технокомерц АД Скопје во периодот Јануари – Јуни 2022 година оствари негативен финансиски резултат искажан во неревидираниот Биланс на успех.

Вкупни приходи

Остварените вкупни приходи изнесуваат 283,818 илјади денари и тие се за 23% намалени во споредба со вкупните приходи остварени во истиот период од 2021 година достигнааа износ од 368,837 илјади денари.
Од вкупните приходи 99,9% се приходи од продажба на производи и услуги додека финансиските приходи учествуваат со 0,1%.

Вкупни расходи

Вкупни расходи достигнаа износ од 296,763 илјади денари и тие се за 5% помали во споредба со расходите остварени во истиот период од 2022 година.
Од вкупните расходи 99,17% се оперативни расходи додека финансиските расходи изнесуваат 0,83% од вкупните расходи.

Обврски по кредити

Вкупните обврски по кредити на 30.06.2022 година изнесуваат 117,300 илјади денари и бележат намалување од 23% во споредба со истиот период од 2021 година кога достигаа износ од 153,413 илјади денари.

Инвестиции

Вкупните инвестиции за материјални и нематријални средства за дадениот период изнесуваат 11,628 илјади денари.

Нето загуба

Како резултат на намалувањето на оперативните приходи за осумнаесет индексни поени, во споредба со намалувањео на оперативните расходи, Технокомерц АД – Скопје за периодот од 01.01-30.06.2022 година оствари загуба од 12,942 илјади денари.

Очекувања за престојниот период

Технокомерц АД-Скопје ќе се насочи кон намалување на трошоците на работењето, превземање на дополнителни мерки за одржување на тековната ликвидност како и зголемување на обемот на продажба се со цел остварување на позитивен резултат на крајот на годината.

Технокомерц АД Скопје